Врз основа на член 103 став (1) алинеја 5 и член 109 ставови (1), (4) и (5) од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/16), членовите на Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана на ден 28.03.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2016 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа за 2016 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа за 2016 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се доставува до Собранието на Република Македонија на одобрување.

**Член 3**

Годишниот извештај за работа за 2016 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор содржи:

- Извештај за извршени активности на Агенцијата во 2016 година,
- Извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Македонија во 2016 година,
- Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за 2016 година и финансиски извештај за 2016 година (годишна сметка) и
- Ревизиски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

**Член 4**

Оваа Одлука е конечна и влегува на сила на денот на донесувањето.

Бр. 01-68/1
28.03.2017 година

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Управен одбор**
**Претседател**
**Катерина Димовска Луканоска**